# УПАТСТВО ЗА ИЗРАБОТКА НА ИСПИТОТ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

*Мартин Нацев*

Интерниот испит по англиски јазик во склоп на државната и училишната матура се состои од две компоненти, и тоа:

**1. Читање и разбирање**

**2. Пишување**

Испитот се реализира во времетраење од 180 минути, и тоа 90 минути за компонентите читање и разбирање и 90 минути за компонентата пишување.

Секој кандидат пред да започне со изработка на тестот треба да внимава на следното:

- Во тестот се пишува со пенкало,
- Секој корегиран или повторно напишан одговор не се смета како точен, и
- Секој делумен одговор ќе се пресметува по половина поен во зависност од содржината и барањето на задачата

## ОЦЕНУВАЊЕ И БОДИРАЊЕ НА ОДГОВОРИТЕ

### 1. ЧИТАЊЕ И РАЗБИРАЊЕ

Секој точен одговор се оценува со 1 или 2 поени.

### 2. ПИШУВАЊЕ

Според тежината и барањето на задачата истата се оценува и бодира според следните индикатори на нивоа на постигнати барања:

| | |
|---|---|
| 0 | Текстот или одговорот е потполно неразбирлив и нечитко напишан или напишани се помалку од 50% од потребниот број на зборови. |
| 1 | Се среќаваат голем број основни грешки при употреба на граматичките структури; фондот на зборови е ограничен и несоодветен. |
| **2** | Граматичките структури и лексика се несоодветно употребени и има пове}е правописни и интерпункциски грешки. |
| **3** | Содржината е релевантна, соодветно развиена и организирана и се забележува обид за правилна употреба на јазикот. |
| **4** | Одговорот во голема мерка соодветствува со барањето на посртавената задача. Содржината е релевантна и добро разработена. Граматичките структури се посложени, лексиката е богата, но сеуште се појавуваат недоследности во употребата. |
| **5** | Одговорот целосно соодветствува на поставената задача. |

Максималниот број на бодови кои можат да се постигнат во делот пишување е:

20 и тоа по 5 од следните компоненти на оценување: содржина, кохерентност, лексика, и граматика ***(за есејот)***

15 бодови ***(за краткиот состав)*** од следните компоненти на оценување: содржина (5), структура (3) и јазик (7).

***(вкупно 35 бодови)***

*Поздрав,*